Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 36, 1 март 2010 година

март 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научната област турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на својата 17-та редовна седница одржана на 17.2.2010 година, нè избра за Рецензентска комисија за избор на еден ***наставник во сите звања*** од наставно-научната област ***турски јазик и книжевност***. Според поднесените документи, на Наставно-научниот совет му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен на 4.2.2010 година во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, се пријавил кандидатот д-р Махмут Челик.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Махмут Челик** е роден на 3 октомври 1967 год. во Врапчиште. Основното образование го завршува во родното место, а средното образование во општинската гимназија во Гостивар. Високото образование го завршува во 1995 год. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Групата за турски јазик и книжевност.

Во 1996 година се вработува во основното училиште „Јане Сандански“ во Скопје, каде што предава турски јазик и литература. Две години потоа се вработува како гимназиски професор во Гостивар и во Тетово. Од 2004 до 2006 е заменик-директор во гостиварската општинска гимназија. Во 2000 година се запишува на постдипломски студии на Пловдивскиот универзитет, Институт Крџали. На 18 септември 2002 година ја одбранува магистерската теза со наслов ***„Општ преглед на турската детска литература во Република Бугарија и во Република Македонија“.***

Докторска дисертација, со наслов ***„Критички осврт кон расказите од турската литература на првата повоена генерација во Македонија“*** успешно ја одбранува на 29.12.2009 година, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и се здобива со научен степен – **доктор по филолошки науки, од областа турски јазик и книжевност.**

Моментално работи како асистент - лектор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во текот на своето научно-стручно усовршување учествува на многубројни семинари и конференции во земјава и во странство. Некои од тие меѓународни семинари се следниве:

– **II. Ulusal Çocuk ve Gençlik Edebiyatı Sempozyumu,** ***Ankara, (Turkiye);***
– **IV. Klasik Turk Edebiyati Sempozyumu, Kayseri, (Turkiye)*;***
– **Uluslararası Çocuk Edebiyatı Kongresi,** ***Kafkas Üniversitesi –Baku, (Azerbeycan);***
– **II. Uluslararası Türk Dili ve Edebiyatı Öğrenci Kongresi,** ***İstanbul, (Turkiye) ;***
– **Türk Dünyası Edebiyat Dergileri Kongresi, Gazi Üniversitesi,** ***Ankara, (Turkiye).***

Учествува и во меѓународни проекти, како и проекти во Р. Македонија, како што се: „Integration of ICT into Curriculum“, „Project Title, Extra-curricular Activities for Etnically Mixed school Children“, Апликација на едукативниот софтвер Edubuntu“ на ФОН - Универзитетот, „Креативна настава и учење“, „Наставни програми и методологии“ и др.

Освен тоа бил и дел од активностите како:

1. член на Комисијата за давање мислење за печатење на учебници по турски јазик од страната на Бирото за развој на образованието;
2. надворешен соработник во Бирото за развој на образованието на Република Македонија;
3. член на Собранието на Невладината организација за просвета, култура и уметност „АДЕКСАМ“.

***Објавени научни и стручни трудови:***

1. ***Birinci Kuşak Türk Çocuk Edebiyatı Yazarları*** (Писатели од првата повоена генерација на турската литература за деца), HİKMET, Mayıs 2003 y. Gostivar.
2. **Makedonya Türk Çocuk Oyunlarında Sayışmacalar** (Реденките во турските детски игри во Македонија), HİKMET, Mayıs 2007 y. Gostivar.
3. **Makedonya ve Bulgaristan Türk Çocuk Edebiyatına Genel Bakış** (Општ преглед на литературата за деца во Македонија и во Бугарија), Hikmet, Ocak 2004.
4. **Demokrasi Derken,** El Hilal,1994, Üsküp.
5. **Makedonya Turk yazarlarinin Cocuk eserlerindeki etkisi** (Тематските преокупации на турските писатели за деца во Македонија), Turk edebiyati dergisi,2006, Istanbul.
6. Инспиративното и лажното во расказите за деца на првата повоена генерација турски писатели во Република Македонија (во печат), *Литературен збор*.
7. Стручен соработник на Речникот на странски зборови во македонскиот јазик од д-р Толе Белчев (повторно издание, во печат).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот д-р Махмут Челик ги исполнува сите законски критериуми за избор во академското звање доцент, во согласност со Законот за високото образование и Статутот на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Неговото долгогодишно искуство како средношколски професор, потоа учествата на конференции во земјава и во странство, неговото активно учество во различни тела и проекти, како и наведените библиографски единици го потврдуваат заклучокот дека д-р Махмут Челик ги исполнува потребните критериуми, предвидени во членот 6 од Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања.

Затоа, Комисијата едногласно одлучи да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатот д-р Махмут Челик да биде избран во звањето *доцент* од наставно-научната област *турски јазик и книжевност*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Севин Алил - претседател, с.р.**
**Доц. д-р Октај Ахмед - член, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Димова - член, с.р.**

**ТАБЕЛА**

**за вреднување на активностите на м-р Махмут Јонуз според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Наставно – образовни дејност** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 8 | 0,2 | 1,6 |
| | | | **1,6** |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИСУ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| | | | **12** |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна (САОР)** | | | |
| Речник | 1 | 4 | 4 |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 4 | 3 | 12 |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 5 | 1,5/2 | 10 |
| Учесник на научен проект | 4 | 5 | 20 |
| Член на уредувачки одбор на стручно списание | 1 | 0,5 | 0,5 |
| Труд во стручно (научно - популарно) списание | 1 | 2 | 2 |
| Претседател на универзитетски или владини тела | 1 | 10 | 10 |
| Член на институтски орган, комисија | 2 | 2 | 4 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **76,1** |